Виолета ПАНЗОВА

## ОД МЕТОДОЛОШКИ АПСОЛУТИЗАМ ДО МЕТОДОЛОШКИ АНАРХИЗАМ

Кога се зборува за методологијата на научното истражување обично се реферира само на еден аспект на значењето на овој поим, тој неоправдано се редуцира само на техниката на научната работа, односно се пренагласува инструменталистичкиот карактер на оваа дисциплина. Методологијата ги проучува општите и специфичните методски постапки кои ги користи науката во процесот на стекнување на своите знаења, но општоприфатен е ставот дека методот не е нешто што се внесува однадвор во науката, дека тој е нејзин конституент и на некој начин ја определува самата наука. Покрај тоа, во доменот на истражувањата на методологијата, како филозофска дисциплина, се вклучени и основните филозофски становишта, т.е. одредени општи приоди, кои се инкорпорирани во науката и од кои е таа детерминирана, но за кои науката не расправа, не ги експлицира, а тие се нејзина нужна претпоставка и од нив се определува предметот, целите и начинот на кој ќе се истражува одредена материја. Денес, овие прашања се третираат пошироко и потемелно во рамките на една релативно млада гранка на филозофијата, конституирана во овој век - филозофија на науката, но нова во смисла на посебна дисциплина, а не како проблематика.

Филозофијата на науката претставува широко поле на истражување кое не може сосема прецизно да се определи. Некои од најзначајните прашања со кои се занимава оваа дисциплина се: проблемот на концептуалниот апарат на науката; битните карактеристики на научниот јазик; основите, можностите и тешкотиите на некои општи методи, како што се индукцијата, дедукцијата и некои специфични методски постапки: прашањето на формулирањето на научните хипотези и теории; систематизацијата на научните знаења; проблемот на растот на научните знаења; потоа прашањето на таканаречената логика на научното откритие, т.е. дали откривањето нови хипотези и теории е процес кој може да се рационализира или е тоа чин на инвенција и други.

Дилемите со кои се соочува обидот за прецизно дефинирање на доменот на оваа дисциплина, меѓу другото, произлегуваат и од сомневањата дали овие прашања ѝ припаѓаат на самата наука, односно на нејзиниот теориски дел, или на нејзината историја сфатена пошироко, или пак на филозофијата воопшто. Интересот за филозофските аспекти на науките станува толку актуелен што е денес вообичаено да се зборува за филозофија на физиката, филозофија на математиката, филозофија на психологијата, филозофија на биологијата итн.

Рангот на прашањата истражувани во рамките на филозофијата на нуката може да биде така стеснет што да претставува експликација само на некој поим кој е особено значаен за одредена гранка на науката, но и така општ што може да се однесува на некои инваријантни структурни карактеристики на сите дисциплини на науката. Од друга страна, еден така општ филозофски приод кон овие прашања имплицира решенија кои подеднакво можат да се сметаат како придобивки и на самата филозофија, односно на онтологијата или на епистемологијата, но и, поспецифично, на филозофијата на науката. Сепак, дури и грубото одредување на границите на оваа област покажува дека таа претставува средиште во кое се сретнуваат одделните научни дисциплини во тоа што им е заедничко и дека така концепирана има амбиции да ја покаже оправданоста на релативизирањето на границите на посебните научни дисциплини и да премости некои празнини останати од процесот на тесно специјализирање на науките карактеристично за новиот век и традиционалната класификација на науките.

Целта на овој труд е да го покаже еволуирањето на основните ставови на оваа дисциплина во третирањето на суштинските прашања на науката, почнувајќи од залагањето за единствен научен апарат, обврзувачки за сите науки, карактеристично за првата половина на овој век, до становиштето кое ѝ одрекува било каква смисла на расправата за методот на науката и нејзината рационалност, доминантно во последните децении на столетието.

Кога се зборува за филозофијата на науката, вообичаено е ова подрачје да се поврзува со некои тенденции во современата англо-американска филозофија, а особено со логичкиот позитивизам, кој во Европа, во првите децении на нашето столетие се развивал во три значајни центри: Виенскиот круг, Берлинската и Лавовско-Варшавската школа. Традицијата на полската логичка школа се пренеле на Американскиот континент со емигрирањето на плеада врвни полски логичари во САД пред Втората светска војна и налетот на фашизмот во Европа.

Иако овој став не е целосно коректен, сепак, како што вели Новаковиќ" (7:9), таквиот приод има и своја оправданост, бидејќи

претставниците на некои други современи филозофски правци, како што се: егзистенцијализмот, волунтаризмот, марксизмот, пред сè поради нивната основна насоченост во промислувањето на светот и животот, не пројавиле интерес кон филозофскиот третман на науката.

Логичкиот позитивизам со својата антиметафизичка ориентација, имено со редукцијата на филозофијата на логичка анализа на научниот јазик, со признавањето само на емпириското и логичко-тавтолошкото знаење како гносеолошки вредно сознание, претставува токму една таква мисловна, теориска насоченост која има идеални претпоставки за целосно занимавање со филозофски аспекти на науката. Навистина, многу често се доведуваат во прашање основните филозофски претпоставки на самата школа, но тешко може да се оспори нејзиниот огромен придонес за развитокот на логиката и методологијата на науката и од тие причини, токму за нејзиното делување се врзува и настанувањето на филозофијата на науката. Таквиот заклучок не е целосно оправдан, особено ако се има предвид традицијата на ова подрачје во некои други земји на Европа, посебно традицијата во Франција и Германија, но современото занимавање со филозофијата на науката не може да се замисли без познавање на ставовите на логичкиот позитивизам, без познавање на оваа класична ориентација (7:10).

Истражувањата на методолошките и филозофските аспекти на науката во рамките на логичкиот позитивизам главно се засноваат на анализата на природните науки, а можностите и границите на некои општи методски постапки, од перспективата на општествените науки, само попатно се проследуваат.

Едно од основните начела на позитивизмот е методолошкиот монизам или идејата за единство на научниот метод и покрај разноликоста на предметот на научното истражување. Од методолошки аспект, образец на современиот позитивизам претставуваат егзактните природни науки, бидејќи, според приврзаниците на овој правец, единствено тие обезбедуваат точни, јасни и научно релевантни сознанија. Егзактните науки, особено математиката и физиката го одредуваат методолошкиот идеал или стандардите според кои се вреднува степенот на развитокот, на систематизираноста и степенот на конституираноста на сите останати науки, вклучително и хуманистичките дисциплини. Од овој основен принцип како консеквенција произлегува инсистирањето, во истражувањето на човековата историја и култура да се внесат епистемолошките и логичките принципи карактеристични за природните науки.

Предмет на сите природни науки, според позитивистите, се непосредните емпириски факти, а цел се знаењата за нив изразени во перцептивни судови. Општествените науки исто така треба да се

занимаваат со проучување на емпириски факти. Имено, општествените појави и историските збиднувања треба да се сфатат како сетилно достапни факти од различен вид и обем. Така, за Емил Диркем општествените појави, иако се разликуваат од природните, сепак се само општествени факти кои, како и природните ствари, не зависат од субјектот што ги сознава. Само врз таа основа може да се заснова позитивното научно знаење за општествените феномени (6:92).

Врз ова начело се темели и физикализмот на Рудолф Карнап, според кого општествените науки - историјата, социологијата, психологијата, треба да се фундираат врз принципите и јазикот на физиката како универзален јазик на науката, со што ќе се обезбеди единство на целокупното научно знаење (2).

Меѓу основните принципи на позитивистичкиот став кон науката фон Рихт го издвојува и нивното специфично толкување на поимот *научно објаснување*, кое го карактеризира како *каузално*, земено во пошироко значење. Тоа се состои во подведувањето на поединечните случаи под хипотетички претпоставени закони на природата, вклучувајќи ја и природата на човекот. Според тоа, финалистичките објаснувања, обидите некои појави да се објаснат со намерите, целите, се отфрлаат како ненаучни или пак се прават напори да се покаже дека, ако се "исчистат" од остатоците на анимизмот или витализмот, би можеле да се трансформираат во каузални објаснувања (11:58).

Но, како позитивистите го вклопуваат својот сојузник - логиката, во својата концепција за науката, ако му припишуваат научни вредности само на емпириски стекнатото и верифицирано знаење? Рихт сметал дека оживувањето на логиката во почетокот на овој век, само по себе е од огромно значење за методологијата и филозофијата на науката, но сојузот на логиката и позитивизмот е повеќе случајност во историскиот развиток, отколку некоја филозофска нужност (11:63).

Сепак, се чини дека оваа врска не е случајна, бидејќи позитивизмот, како што е веќе споменато, со својата антиметафизичка ориентираност и редукција на филозофијата на логичка анализа на научниот јазик претставува идеална теориска основа за развитокот на логиката и филозофските аспекти на науката. Овој факт неминовно води во дуализам; логиката и математиката, според современите позитивисти, за разлика од другите науки, обезбедува тавтолошки знаења. Имено, се состојат од искази кои не кажуваат ништо конкретно за одредена стварност, но можат да се однесуваат, да ги изразуваат законитостите на било која стварност и на тој начин овозможуваат да се зборува за некоја конкретна стварност. Позитивистите пак, свесни за тежината на овој проблем како излез го предлагаат поврзувањето на овие два типа искази и знаења на еден тековен начин. Имено, хипотезите конструирани

со математичко-логички средства да се проверуваат во искуството и притоа особено значење му се придава на научниот експеримент. Така сфатеното единство на сознанијата не ја менува главната карактеристика на науката - таа треба да дава јасни, прецизни и точни знаења кои можат да бидат од теориска или емпириска природа.

Во Германија, покрај струјата блиска на англо-американската филозофија, како што се Ханс Алберт, Штегмилер, постои и друга ориентација која за проблемите на науката расправа во рамките на истражувањата на некои други феномени, како што е на пример општеството. Станува збор за критичката теорија за општеството на франкфуртовците Адорно, Хабермас и др.

За француските мислители, особено за постарата генерација, занимавањето со прашањата на филозофијата на науката подразбира повеќе општо филозофска отколку методолошка преокупација, па во центарот на вниманието се наоѓаат такви прашања како што се откривањето на одредени филозофски или метафизички претпоставки кои лежат во основите на науката и нејзиниот развиток. Меѓу најзначајните мислители секако се Бергсон, Бреншвик, Поенкаре, Башлар и др. Тие востановиле различни теории за науката, осврнувајќи се особено на прашањата во која мерка, каде и како во науката се пројавуваат детерминизмот, индетерминизмот, дијалектиката, потоа кои се особеностите на научните знаења во однос на здраворазумските и филозофските сознанија итн.

Против исклучивото врзување на филозофијата на науката за логичкиот позитивизам говорат и некои други моменти. Имено сциентистичкиот приод и неизбежната редукција што тој ја имплицира водат кон чисто логичко-аналитички третман на теориските аспекти на науката. Покрај тоа, еден од основните недостатоци на логичко-позитивистичката филозофија е целосното отсуство на историската перспектива, па филозофијата на науката почнува да се развива како независна, чисто прескриптивна дисциплина која не чувствува потреба од анализа на научното искуство, со што е занемарен фактот дека науката и филозофските аспекти на науката имаат долга и богата историја.

Приврзаниците и мислителите на кои им се блиски ставовите на логичкиот позитивизам (Салмон, Хесе и други) се обидуваат да внесат некои потемелни или помалку значајни ревизии во оваа методолошка ориентација, што, меѓу другото, доведува до губење на суверените позиции кои таа ги имала во првите децении на овој век, особено кога другите филозофски струења афирмираат нови, алтернативни гледишта за науката и нејзините проблеми, од кои некои оделе сосема во друга крајност, негирајќи ја не само специфичноста на проблемите на науката и нејзините методи, туку одрекувајќи ѝ секаква рационалност на науката.

За појавувањето на спротиставените приоди кон науката и нејзиниот апарат придонесуваат и низа други интерни фактори, како што се тешкотиите со кои се соочува на пример, индуктивната логика, потоа сознанието дека податоците никогаш не можат едносмислено да одредат дадена теорија, фактот дека во најзначајните научни теории се појавуваат тврдења кои се емпириски незасновани, грешките во интерпретацијата на теориите, како и резултатите од новите истражувања на историјата на науката.

Овие нови тенденции, нови приоди кон науката, некои теоретичари ги обединуваат под заедничко име како постпозитивизам, историцистички приод или историски релативизам, иако се чини посоодветно тие да се разгледуваат одделно и за секој од нив можат да се напишат повеќе студии.

Уште кон крајот на минатиот век, во Германија се пројавила една филозофска струја, како противтежа на позитивизмот, една група мислители кои се спротиставувале на позитивистичките сфаќања за предметот и методите на општествените, духовни науки. Делото *Увод во духовниūе науки* на Дилтај претставувало непосреден поттик на дискусиите околу ови прашања кои траеле со децении. (На гледиштата на Дилтај се надоврзувале неокантовците Винделбанд - *Исūорија на ūриродниūе науки* и Рикерт - *Границиūе на ūриродонаучноūо образување на ūоимиūе*).

Дилтај во *Уводоū* (како и во некои други свои трудови) инсистира на суштинската разлика на искуството на кое се засновуваат природните и духовните науки. Природата на човекот му е дадена како нешто надворешно, нешто што останува на нивото на појавното, бидејќи човекот не може да продре во внатрешноста, во суштината. Природните науки не можат да ги разберат природните појави, туку можат само да ги објаснат изведувајќи ги од некои општи закони. Наспроти нив, духовните науки се темелат на внатрешното искуство кое во својот изворен облик е интуитивно. Во природата владее механичка причинско-последична поврзаност, во историјата, пак - слободата, целисходноста и вредноста (3:14).

Основната идеја на *Уводоū* е дека научното знаење за општеството е можно само во форма на конкретна историја. Целта на духовните науки е да го сфатат единечното, индивидуалното во историската стварност. Вредноста на историските случувања се состои во нивната особеност и неповторливост.

Привржаниците на новите становишта на филозофијата на науката ја развиваат оваа дисциплина во насока на плурализам на приоди, а тие стануваат сѐ поотворени за другите ориентации, како што се феноменологијата, дијалектиката и др. Меѓу нив, секако треба да се

спомене Оксфордската школа чиј примарен интерес е насочен кон истражување на проблемите на природниот јазик, потоа претставниците на филозофската космологија (Бергман и Квајн), Поперовата школа чие внимание било пред сè насочено кон проблемот на растот на научните знаења (Агаси, Воткинс, Лакатош, Ханс Алберт), потоа прагматистите кои оваа проблематика ја третирале од аспектот на човекот како творец и корисник на науката и др.

Последните децении на овој век, воедно и како крај на еден милениум, се карактеризираат со преиспитување на сите значајни теории и методолошки приоди што се пројавиле во него. Како по правило од веќе "зрелите", конституирани правци, произлегуваат и нивните критики кои се манифестираат низ разните пост-движења, како што се *постструктурализмот, постмодернизмот и др.*

"Новата слика" за состојбата во теоријата и во науката се заснова и на нов модел на процесот на познанието. Тој се фундира врз одрекувањето од претензиите за апсолутно сигурно знаење, врз фактот дека целокупното сознание е дело на човекот и дека е тоа проткаено со човековите желби, надежи, интереси, со неговите стравови и фикс-идеи. Постструктуралистите го прокламираат тврдењето дека е платена превисока цена за носталгија по целината, за трагањето по општото, за смирувањето во поимот, за транспарентното и комуникативното искуство.

Новиот приод кон науката дефинитивно прогласува дека не постои цврста основа на сознанието, дека сигурноста и стабилноста како епистемолошки карактеристики на знаењата се крајно проблематични, бидејќи за синтетичките судови, оние кои ги прошируваат нашите знаења, не може да се најде ништо што би било трајна гаранција за нивната вистинитост. Така, сега грешките и несигурноста стануваат суштински компоненти на целокупното човеково знаење. Во согласност со овие поставки се модифицира и се релативизира и поимот вистина. Вистината не е веќе нешто општоважечко, туку нешто што се наслутува, односно новиот методолошки приод порекнува дека главната задача на познанието е доаѓање до некои конечни вистини. Во сознанието нема никаков епистемолошки приоритет или авторитет, секој негов дел, дури ако е погрешен може да биде импулс за напредување во тој процес, и обратно, ниту едно знаење кое е прифатено како вистинито не може да добие статус на фундамент на кој постојано ќе се навраќаме заради стекнување сигурност и заснованост на другите сознанија.

Растот на знаењата како доминантен интерес и смисла на познанието се одвива во систематската конфронтација на одредени ставови и спекулации и нивната критика во светлината на други, нови мислења и поставки, а посебно низ нивното спротиставување со

алтернативите, па и со искуството. Тој процес на спротиставување, на перманентна елиминација на некои идеи и прифаќање на некои други, води кон хипотетичко, несигурно знаење кое е без фундамент, бидејќи тој постојано се менува. Така, сега негативното искуство станува одлучувачко и најплодотворно искуство, па новиот методолошки приод инсистира на плуралитет на методи, на судир на идеи, во кој е можна и логичка инкомпатибилност и интратеориска и интертеориска неконзистентност. Теорискиот плурализам не поставува крајни цели, ниту назначува можни правци на развиток. Тој инсистира на ослободување од зададените норми и правила и му укажува целосна доверба на творецот на неговите интереси, способности и можности за снаоѓање во проблемските ситуации.

Новиот приод не го интересира само рационалното познание и критичкиот став кон него, туку сите видови човеково искуство ги смета за драгоцени делови на целината на сознанието. Затоа подеднакво добро функционира и тоа што е рационално и тоа што е ирационално, и тоа што е вистинито и тоа што е невистинито.

Во современите текови на филозофијата на науката во споменатиот дух, посебно место му припаѓа на радикалниот критичар на сите традиционални ставови во теоријата на науката и на познанието - Пол Фејерабенд.

Фејерабенд се залага за слободно мислење, за мислење кое не е регулирано со принципи, кое не е оптоварено со предрасуди. Неговото гледиште кулминира во беспоштедна критика на рационализмот на Западната филозофија и на наука воопшто, на апсолутната доминација на умот, во критика на догматизмот во науката и нејзината позиција на сила во современиот свет.

За разлика од тенденциите во нововековната мисла, од Декартовата *Расправа за методот* до Гадамеровото дело *Вистината и методот*, кое неколку столетија ги формирало и филозофски ги втемелувало основните поими и принципи на умот, Фејерабенд во своето познато дело *Против методот*, низ критиката на традиционалното сфаќање на тие централни поими се обидува да назначи друго исходиште.

Во заснованието на науката како специфичен потфат, вели Фејерабенд, треба да се ослободиме од сите важечки принципи кои, уште на самиот почеток, значат нејзино ограничување. Наместо повикување на ред, закони и систем, науката треба да се сфати како суштествено анархистички потфат и на тој начин, врз основа на теорискиот анархизам, да се покаже дека тоа може да биде алтернатива која ќе го поттикне прогресот и хуманизацијата (4:9).

Како еден од најзначајните творци на таа "нова слика" за наука. Фејерабенд инсистира на неопходноста од широк приод кон проблемите

на научната теорија и го нагласува значењето на плуралистичката методологија која не зазема негативен став спрема ниту еден начин на достигнување на знаењата и според тоа, однапред не исклучува ниту еден вид човекови способности. Науката, смета Фејерабенд, мора да води сметка за сите достигнувања на човековиот дух на една епоха и да зема предвид сè што се случува околу неа, за да биде вткаена во целокупната човекова духовност и да може да учествува во достигнувањата на хуманите вредности на своето време.

Според Фејерабенд, од аспект на историските истражувања и нивните резултати, навистина е тешко да се брани идејата за еден метод кој содржи цврста и апсолутна поврзаност на принципите за раководење во доменот на науката, бидејќи не постои ниту едно правило, колку и да било плаузибилно и втемелено во епистемологијата, а кое во некое време не се покажало како неточно. Но тие прекршоци за Фејерабенд не се случајни настани, ниту се резултат на недоволни знаења или немарност. Напротив, тие се нужни за прогресот и историјата на науката покажува дека најзначајните откритија настанале токму кога некои мислители одлучиле да не се врзуваат за одредени цврсти методолошки правила, или кога ненамерно ги прекршиле. Ова, смета Фејерабенд, не е само факт од историјата, туку тоа е логично и апсолутно нужно за растот на знаењата. Оние кои го имаат предвид богатиот материјал на историјата и оние кои не тежнеат упорно кон тоа да бараат замена за интелектуалната сигурност во форма на јасност, прецизност, објективност и вистинитост, ќе им биде јасно, заклучува Фејерабенд, дека постои само еден принцип кој може да се одбрани во било какви околности и во кој било степен на човековиот развиток, тоа е принципот "сè функционира подеднакво добро" (4:15).

Навистина гледиштата на Фејерабенд прозвучуваат свежо, провокативно, бидејќи нудат алтернатива за ригидното, стереотипното, обврзувачкото, што, се разбира, на авторот му донесе голема популарност во учениот свет и голем број приврзаници. Но од методолошки аспект, еден "во основа анархистички приод" се чини завршува во својата спротивност. Имено, наспроти сите толку критикувани принципи се прогласува "еден единствен, општоважечки принцип кој може да се брани во секакви околности и на секој степен на човековиот развиток". Поднасловот на делото *Против методот е Нацрт за една анархистичка теорија на познанието.* Дали можел Фејерабенд да го направи тој нацрт, па дури и на една анархистичка теорија, да го формулира "единствениот принцип" барем без некои правила и норми од оние кои така жестоко ги напаѓа? Дали можеби се нашол во слична ситуација како и големиот германски филозоф и исто толку голем критичар на законите на логиката Хегел, кој својата дијалектика ја изложил во формално-логички

категории. Дали воопшто се функционални овие привлечни гледишта на Фејерабенд? Дали е можна интертеориска противречност?

Фактот што позитивистичката теорија на науката, а која е всушност предмет на критика на новата плуралистичка методологија, е најопфатно и најјасно изложена за подрачје за кое таа најмалку соодветствува - историјата, фон Рихт го разбира како иронија на судбината (11:64). Но, да се обидеме, само на неколку рамништа, да проследиме дали навистина во истражувањето токму на ова подрачје се најмалку потребни тие постапки и принципи? (Подетално за овој проблем е расправано во текстот: В. Панзова, Релевантноста на логиката за истражување на историјата (8:299-305). Како историчарот, всушност му приоѓа на својот предмет на истражување?

Каков е релативниот временски ред на знаењата за сегашноста и знаењата за минатото? Коен и Нејгел со право забележуваат дека минатото не е примарен податок, тоа не му е непосредно дадено на историчарот. Секое проучување на минатото мора да започне со проучување на нештата кои постојат едновремено со тоа истражување. Според тоа истражувањето на минатото започнува во сегашноста (5:333).

Историчарот не може директно да ги согледа настаните од минатото кои ги опишува и ги објаснува. Тие настани не се повеќе тука за да бидат набљудувани, на нив да се врши експериментирање. Минатото може да се толкува или преку памтењето на историчарот (лично), што е поредок случај, но и тогаш тоа од што се започнува е неговото сегашно памтење и чија точност и адекватност мора да се проценува; и преку толкување на изворите, објектите, како остатоци од минатото: пишувани документи, хроники, биографии, усни преданија, орудија, остатоци од некогашната архитектура. Карактерот на нештата во сегашноста мора да биде познат пред тие да послужат како податок, односно тие знаења мора да се подигнат на ниво на поими, при што е неопходно да се користат низа логички постапки како анализа, синтеза апстракција, генерализација, дефиниција итн. Тоа што е во сегашноста, историчарот го доведува во врска со минатото преку разни форми на заклучоци кои сами по себе се во доменот на истражувањето на логичарот. Премисите на тие заклучоци се добиваат со грижливо испитување на материјалите како остатоци на минатото, а тие сознанија треба да се преточат во судови, искази кои потоа можат да послужат како премиси. Процентот на образување искази е иманентно логички процес.

Прифаќањето на претпоставката дека нашите сознанија за минатото мора да се темелат врз тоа што е дадено во сегашноста имплицира дека не само што нашите знаења за минатото немаат приоритет пред знаењата за сегашноста, туку и дека некои од вообичаените постапки за истражувањето на сегашноста се неопходни

и за истражување на историјата. Значењето на логичките принципи и правила за проучување на историјата станува поочигледно кога се има на ум задачата на историчарот - систематски да одговори на следните прашања: дали податоците кои стојат на располагање се прифатливи како сведоштво, т.е. дали се вистински извори? Дали се вистинити тврдењата што се изведуваат врз основа на податоците? Какви се врските меѓу различните тврдења кои се востановени како вистинити, со кои се објаснува некој настан од минатото? Одговорот на овие прашања претпоставува систематско користење на разни форми на доказната постапка кои по својот карактер се логички и кои многу не се разликуваат од соодветните постапки кои се применуваат во другите науки

Дали историчарот има потреба од хипотези? Несомнено е дека не може да се проследи историјата која ја исцрпува секоја фаза од предметот на истражувањето. Историчарот нужно мора да го избере својот материјал, да издвои некој период или настани кои ги смета за значајни. Самиот чин на издвојување на извесни настани и становиштето дека тие можат да се проучуваат релативно самостојно во однос на појавите надвор од тие рамки, претставува одредена хипотеза. Хипотеза претставува и самиот чин на придавање поголема важност на некои настани и занемарувањето на други.

Материјалот кој на историчарот му служи како првобитен податок може да биде фрагментарен, така да не може да дојде до поцелосно објаснување на појавата или периодот, или пак материјалот да биде многу богат и разновиден. И во двата случаи на историчарот му се неопходни хипотези кои му овозможуваат да го дополни оскудниот материјал со сугестија за неговите заемни врски, од кои ниту една не е дадена експлицитно, или пак од богатата ризница да го издвои она што самиот го смета за релевантно. Од своја страна, секој од овие аспекти подготвува соодветна подлога од која треба повторно, но сега целосно да се опфати предметот на истражувањето. Ставовите кои се однесуваат на минатото мора да бидат поврзани и да чинат кохерентна целина, значи неопходни се системски теории кои ги поврзуваат и ги проникнуваат одделните тврдења.

Хипотезите можат да се проверат само со тековните податоци и настани, дури потоа да се применат на минатите за да се утврдат фактите кои сами по себе се хипотетични и за чие постоење се знае само врз основа на заклучоците од хипотезата. Секоја од овие хипотези зависи од одредени сфаќања за причинско-последичните односи во општеството и човековото однесување, значи од одредени теориски позиции, кои, ако не експлицитно, барем имплицитно ги проникнуваат најзначајните резултати на историчарот.

Сведоштвото кое историчарот го прибира за минатото не може никогаш да биде потполно и конечно. Со други зборови, сведоштвото е од таков карактер што врз основа на така нецелосна евиденција, заклучоците кои се изведуваат за настаните од историјата се веројатни, со различни степени на веројатност. Но една и не така експертска логичка анализа може да покаже дека не постои разлика во типот на аргументацијата меѓу овие расудувања со кои се изведуваат вистинити заклучоци и оние врз чија основа следуваат веројатни конклузии. Веројатноста на заклучокот произлегува од веројатноста на премисите, а не од аргументацијата. И во двата случаи се работи за иста логика на расудување.

ЛИТЕРАТУРА


1. Berberović, J., Filozofija i svijet nauke, Sarajevo, Svjetlost, 1990.

2. Carnap, R., The Logical Syntax of Language, London, Routlegde and Kegan Paul LTD, 1959.

3. Dilthey, W., Einleitung in Geisteswissenshaften, Leipzig - Berlin, B.G. Teubner, 1923.

4. Feyerabend, P., Protiv metode, Sarajevo, Veselin Masleša, 1987.

5. Koen, M., Nejgel E., Uvod u logiku i naučni metod, Beograd, Zavod za izdavanje udžbenika i nastavna sredstva, 1982.

6. Milić, V., Sociološki metod, Beograd, Nolit, 1965

7. Novaković, S., Hipoteze i saznanje, Beograd, Nolit, 1984

8. Панзова, В., Релеватноста на логиката за истражувањето на историјата, во: Содржински и методолошки прашања во истражувањето на историјата на културата во Македонија, кн. 1, Скопје, МАНУ, 1995, стр. 299-305.

9. Svest i saznanje, Beograd, Nolit, 1980

10. Vajthed, A. N., Nauka i moderni svet, Beograd, Nolit, 1976.

11. von Wriht, G. H., Objašnjenje i razumevanje, Beograd, Nolit, 1975.

Violeta PANZOVA

## FROM METHODOLOGICAL APSOLUTISM TOWARD METHODOLOGICAL ANARCHISM

(Summary)

The aim of this paper is to show the process of the evolution of the basic tenets in the philosophy of science in this century, starting from the methodological monism and developing towards the extreme methodological relativism.

The basic principle in the positivistic approach to science, dominant in the first half of the 20th century is the idea for an unique scientific apparatus, compulosory for all scientifi disciplines regardless of the diversity of the subjects of their research.

As a counterweight to positivism there is the historical approach which insists on the difference in the experience on which the social and the natural sciences are based, and hence on the methods that they are using.

This approach culminates in extreme relativism which denies every sense to the dispute about the method of science, but also questions its very rationality.

At the end, we have attempted to show whether it is possible to investigate a subject, without the application of basic methodological procedures on the field on which they are most denied, namely the history and culture of man.